Врз основа на член 78 став 1 точка к) од Законот за извршување(„Службен весник на РМ“бр.72/15, 142/16, 233/18 и 14/20) Управниот одбор на Комората на извршители на РСМ на 216-та седница одржана на ден 29.04.2021 година, го усвои следното

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-209/6-3
29. 04 2021 год.

ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

Извршителот нема законска обврска, самиот по службена должност *(ex officio),* при извршувањето на извршната исправа да утврдува дали извршната исправа била претходно намирена и во кој обем. Тоа право го имаат странките.

*Образложение*

Согласно законските одредби предвидени во членот 40 став 1 од Законот за извршување во кои се изрично уредени дејствијата кои ги презема извршителот, не е предвидена законска обврска, ниту надлежност на извршителот, самиот по службена должност да утврдува дали извршната исправа била претходно намирена и во кој обем. Таква обврска на извршителот, односно дејствие не е предвидено, ниту во другите законски одредби на ЗИ. *Argumentum a fortiori,* (дотолку повеќе) што во одредбите со кои се уредува дисциплинската одговорност на извршителот во членот 65, став 1 алинеја 17 е пропишано дека: дисциплинска мерка парична казна или привремено одземање на правото за вршење на должноста извршител ќе му се изрече на извршител ако: - *по барање на странкане изготви или изготви неточна пресметка за наплата на побарувањето,* каматата, цената за администрирање, цена за извршни дејствија, награда на извршителот ако и реални трошоци и такси кои се настанати при спорведување на извршувањето. Што јасно укажува дека извршителот нема законска обврска, по службена должност*(ex officio)* да утврдува дали извршната исправа била претходно намирена и во кој обем.
Основен принцип во граѓанското право е принципот на слободна иницијатива, кој во сферата на граѓанските судски постапки е познат уште како слободна диспозиција на странките. Од носителите на правата зависи дали при повреда или загрозување на нивните права ќе побараат правна заштита. Во таа смисла, во принцип правната заштита во граѓанското право се дава по барање на странките *(ex privatu; nemo iudex sine auctore).*Зависи од волјата на субјектот чие право е повредено или загрозено, на странката дали во постапката пред судот или пред лице со јавни овластувања, ќе бара заштита, ќе ги превзема и врши процесуалните дејствија за остварување на своите права.
Извршителот не е странка во постапката. Странки се доверителот и должникот. Извршителот е лице кое врши јавни овластувања утврдени со закон. Извршителот *на барање на доверителот* ја спроведува извршната исправа, која е основа за извршување и презема извршни дејствија. Странката, учесникот или трето лице кое што смета дека извршителот при извршувањето постапувал незаконито или пак пропуштил да преземе определено законско дејствие, може да поднесе приговор до основниот суд на чие подрачје извршувањето или пак дел до него, се спроведува (чл. 86 ст. 1 ЗИ). Согласно членот 96 став 1 од ЗИ : „Извршителот пред да пристапи кон пописот со налог ќе му

наложи на должникот да го исплати износот утврден во извршната исправа.“ Според членот 96 став 3 е предвидено дека: „Во налогот задолжително се укажува на должникот дека доколку го намирил долгот кон доверителот согласно со извршната исправа *е должен за тоа веднаш да го извести извршителот*...“ Со ова уште еднаш се потврдува ставот на законодавецот дека извршителот нема ингеренции и надлежност, самиот по службена должност *(ex officio)*, при извршувањето на извршната исправа да утврдува дали извршната исправа била претходно намирена и во кој обем. Тоа право го имаат странките и други лица согласно законот кои имаат правен интерес за тоа.

**КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
Претседател на Управен одбор,
Ванчо Марковски